# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2001 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За да продолжиме со работа, молам, сега прецизно службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присуствуваат 90 пратеници.

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници,

Ве потсетувам дека го заклучивме претресот по текстот на Предлогот на Законот за одбрана.

Преминуваме на гласање.

Согласно член 120, став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 89 пратеници.

83 пратеници гласаа за.

Пет пратеници гласаа воздржано.

Еден пратеник гласаше воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за одбрана.

(Аплауз).

Со тоа ја заклучувам Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,30 часот).